**Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС”**
**објавува**

# Повик за обучувачи за тренинзи за раководење со проектен циклус и мобилизирање на средства

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС” во рамки на проектот **“Ромаверзитас - академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија“** објавува повик за обучувачи за испорака на тренинзи за раководење со проектен циклус и мобилизирање на средства. Проектот е финансиски поддржан од страна на Ромскиот Образовен Фонд од Будимпешта.

**Опис на тренинзите и период на реализација**

Тренинзите за раководење со проектен циклус и мобилизирање на средства имаат цел да ги зголемат практичните знаења и вештини на студентите и дипломираните Роми кои ќе учествуваат на тренингот за нивно поголемо разбирање на проектниот циклус, програмското планирање во невладините организации, менаџментот на проекти, како и нивно поголемо и поуспешно вклучување во граѓанските организации.

Теми кои ќе бидат опфатени со тренинзите:
-планирање и значење на планирање
-дрво на проблеми
-дрво на цели
-елементи на логичка рамка
-буџетирање
-следење и оценка на спроведувањето на проектот
-мобилизирање на средства

Тренинзите ќе се одржат во период од Февруари до Мај 2017.

Работен јазик на работилниците ќе биде македонскиот јазик.

**Работни задачи на обучувачот**

Селектираните обучувачи кои ќе ги испорачат тренинзите ќе треба:
- Да изготват финален дизајн за одреден тренинг со методологија на работа, најмалку 5 дена пред тренингот;
- Да подготват материјали за работа за одреден тренинг, најмалку 5 дена пред тренингот;
- Да подготват агенда за одреден тренинг;
- Да дистрибуираат електронски примерок од сите употребени наставни материјали во тренингот, до проектниот тим и учесниците, најдоцна 7 дена после тренингот;
- Да изготват наративен извештај за одржаниот тренинг, најдоцна 7 дена после тренингот.

Селектираните обучувачи пред испорака на одреден тренинг ќе склучат договор за авторско дело со Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во кое ќе се регулираат договорените работни задачи и висината на авторски надоместок.

**Услови за пријавување**

Кандидатите за обучувачи треба да ги исполнат следните услови:

- Да имаат искуство во испорака на тренинзи;
- Да имаат искуство во испорака на тренинзи на темите кои се наведени во овој повик;
- Да имаат добро познавање на педагошките пристапи на учење, методи и методологија на работа.

**Документи за пријавување**

Кандидатите за обучувачи треба да ги достават следните документи:

- Кратка биографија која ќе ги содржи најважното и најрелевантното формално образование, неформално образование, работно искуство во испорачани тренинзи, особено тренинзи кои се поврзани со раководење со проектен циклус и мобилизирање на средства;
- Листа на испорачани тренинзи на темите раководење со проектен циклус и мобилизирање на средства, која ќе содржи наслов на тренингот, кратка содржина, датум, место и нарачател на тренингот;
- Предлог дизајн за две дводневни тренинзи за раководење со проектен циклус и предлог дизајн за еден дводневен тренинг за мобилизирање на средства.

Предлог дизајнот на тренинзите треба да содржи краток опис на сесисиите, да содржи опис на активностите, нивното времетраење и методологијата на работа која ќе се примени на работилницата. Примерок за подготовка на предлог дизајн на тренинзите е достапен овде.

**Начин и краен рок на пријавување**

Документите за пријавување треба да се достават по електронски пат на е-маил адресата: **office@romaversitas.org.mk, најдоцна до 12 Февруари 2017, до 18.00 часот.**

**Селекција на кандидати**

Селекцијата на кандидатите ќе ја вршат членовите на Извршниот Одбор на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во Февруари 2017.

Критериуми при процесот на селекција на кандидати се:

-искуство во испорака на тренинзи

-искуство во испорака на тренинзи на темите кои се наведени во овој повик
-квалитетот на предлог дизајнот за тренинзите

Дополнителни информации за повикот за обучувачи можете да добиете во просториите на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во Скопје или на тел: 076/225-568, секој работен ден од 09.00 до 17.00 часот или на електронски пат на е-маил адресата: **office@romaversitas.org.mk.**

Со почит,
Здружение на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС”